Р Е П У Б Л И К А  М А К Е Д О Н И Ј А
Д Р Ж А В Н А  К О М И С И Ј А  З А  Ж А Л Б И
П О  Ј А В Н И  Н А Б А В К И
С К О П Ј Е

| Примено: 12.11.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09 | 238/10 | 0 | |

У-5 бр.1220/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Билјана Никодиновска Петровска и Ељмедине Асани - членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на судско одделение, решавајќи по тужбата на тужителот ЕЛ-МАР ДООЕЛ Битола, преку полномошнк адвокат Игор Петковски од Битола, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-238/5 од 13.06.2019 година, за избор на најповолна понуда, на седницата одржана на 17.10.2019 година донесе

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ЕЛ-МАР ДООЕЛ Битола, против оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-238/5 од 13.06.2019 година, за избор на најповолна понуда, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-238/5 од 13.06.2019 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја одбила како неоснована жалбата на тужителот изјавена против Одлуката за поништување на постапката за јавна набавка бр.08-834/7 од 20.02.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.24-132/2017 за набавка на услуги – одржување на опрема за улично осветлување за поранешна Општина Кукуречани на договорниот орган Општина Битола.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-238/5 од 13.06.2019 година, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено поради повреда на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека во конкретниот случај тужениот орган не образложил кои биле тие непредвидени околности кои влијаеле врз поништувањето на одлуката за избор. Истакна и дека противзаконското постапување на договорниот орган се гледа во фактот што откако тужителот бил избран за најповолен понудувач и повикан да достави конечна понуда, откако било сторено тоа, започнал да тече рокот од 12 дена во кој договорниот орган бил должен да склучи договор со избраниот понудувач, после еден месец откако тужителот бил избран за најповолен понудувач, наместо да биде склучен договорот, постапката била поништена.

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Тужбата е неоснована.

[2] 09-238/10 [2019]

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Општина Битола отпочнал постапка за јавна набавка со Отворена постапка за набавка на услуги за одржување на опремата за улично осветлување за поранешната Општина Кукуречани бр.24-132/2017, за што претходно донел Одлука за јавна набавка бр.08-834/1/2017 од 22.09.2017 година, која постапка била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и Службен весник на РМ, набавката била неделива, постапката се спроведувала во електронска форма која било предвидено да заврши со е-аукција како последна фаза од постапката, а како критериум за избор била определена најниската цена, а во Огласот и Тендерската документација од понудувачите било побарано да достават и Изјава за независна понуда, Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот (10%). До крајниот рок за поднесување на понудите пристигнале вкупно 10 понуди за што бил составен Записник од отварањето на понудите од 25.12.2017 година. Комисијата при договорниот орган извршила првична проверка на комплетноста и валидноста на понудите, по што оние понудувачи кои поднеле прифатливи понуди биле поканети на е-аукција, по чие завршување врз основа на генерираните извештаи за текот на е-аукцијата и Извештајот од спроведената постапка, до одговорното лице на договорниот орган бил даден предлог за избор како најповолна да биде избрана понудата на ЕЛ-МАР ДООЕЛ – Битола, кој предлог бил прифатен и донесена Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.08-834/6/2017 од 22.01.2018 година. Меѓутоа на 20.02.2018 година договорниот орган донел Одлука за поништување на постапката бр.08-834/7, а согласно членот 169 став 1 точка 8 од Законот за јавните набавки.

Против одлуката за поништување на постапката, економскиот оператор – сега тужителот ЕЛ-МАР ДООЕЛ – Битола поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.09-238/5 од 13.06.2019 година ја одбила како неоснована, од причина што утврдила дека договорниот орган врз основа на релевантни причини ја донел обжалената одлука, односно како главна причина за поништување на конкретната постапка за избор на најповолна понуда во фаза пред потпишување на договор, била наведена недостатокот на финансии во буџетот на Општина Битола т.е. настанале непредвидени и објективни околности – обврски од судски одлуки за враќање на градежно земјиште, додека конкретната постапка за избор на најповолна понуда не била единствената поништена постапка од договорниот орган во фаза пред склучување на договор.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 169 став 1 точка 8 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/2007 ... 165/2017), договорниот орган може да ја поништи постапката за доделување на договор за јавна набавка поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите ја одбил жалбата на економскиот оператор ЕЛ-МАР ДООЕЛ – Битола, констатирајќи дека договорниот орган правилно ја спровел предметната постапка

за избор на најповолна понуда т.е. правилно одлучил кога со обжалената одлука ја поништил постапката за избор на најповолна понуда согласно членот 169 став 1 точка 8 од Законот за јавните набавки.

Имено од извршениот увид во списите кон предметот, како и согласно цитираните законски одредби, Судот утврди дека договорниот орган во текот на спроведување на конкретната постапка за избор на најповолна понуда, правилно утврдил дека истата неможе да се спроведе до крај т.е. да се реализира, поради недостакок на финансиски средства, поради што и основано ја донел одлуката за поништување на постапката согласно членот 169 став 1 точка 8 од Законот за јавните набавки.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот, но оцени дека истите се без влијание врз конечната одлука, од причини наведени во образложението на оваа одлука.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управниот суд на 17.10.2019 година под У-5.бр.1220/2019

Записничар - раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Пресудата да се достави на:
– тужител преку полномошнк адвокат Игор Петковски од Битола
тужен орган

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

НК/